

Kindes- und Erwachsenenschutzbehörde
Bezirke Winterthur und Andelfingen

# KESB КРАТКО ОБЈАСНЕНИЕ

Управата за заштита на децата и возрасните (KESB) им помага на луѓе кои се наоѓаат во тешки животни состојби. Управата се активира тогаш кога ќе добие пријава за загрозеност (Gefährdungsmeldung). Ѓестопати, засегнатите се пријавуваат директно кај KESB, понекогаш се пријавуваат од семејните членови, комшиите, школата или полицијата, кои што се загрижениза засегнатите. После пристигнувањетона ваква пријава, стручните лица при KESB вршат внимателна проверка дали на детето му е потребна помош, односно дали на возрасното лице му е потребна подршка.

KESB е составена од осум управни членови. Ако KESB се активира истата отвара таканаречена постапка (Verfahren). Таа се води од еден од осумтеуправни членови. Конкретното разјаснување на поидинечниот случај го превзема едно стручнолице. Стручните лица се правници, психолози или социјални работници. Тие ги повикуваат засегнатите лица или родителите и детето, за кои што некој е загрижен, на личен разговор. KESB сака да дознае како засегнатите лично ја проценуваат ситуацијата. Ако после овој разговорсе процени дека по се изгледа има потреба,тогаш KESB прави додатни распрашувања. Тие прашуваат, на пример, кај лекарот или лекарката, кај школото или пак го наложуваат Детскиот- и Младинскиот центар за помош (kjz), да ја провери семејната ситуација подетално.

Постапките кај KESB се во правило задолжително-платливи.

По завршувањето на овие разјаски, KESB соработниците препорачуваат можни понуди за помош и подршка. Засегнатите можат да се произјаснат за тоа. После тоа одлучуваат три управни члена независно и според законските норми за понатамошната постапка. При тоа тие го применуваат своето стручно знаење од областа на правото, социјалната работа и педагогиката. Тоа што управните членови заклучуваат се вика одлука (Entscheid).

Со оваа одлука KESB налага, ако е потребно, меркикако на пример: именува помошник или помошничка, кој од тогаш ќе се грижи за интереситена лицето на кои што и е потребна помош. Тоа можат да бидат социјални работници, правнициили правнички кои што работат во некоја организација (стручни помошници), или пак приватни лица, на пример од околието на засег натото лице.

Против ваквите одлуки можно е бранење: ако едно од засегнатите лица во процесот не се слага со постапката на KESB, истиот може да поднесе жалба (Beschwerde). Во кантонот Цирих судот надлежен за ова се вика областен совет (Bezirksrat). Следната повисока институција за жалба е вишиот суд (Obergericht).

KESB Винтертур-Анделфинген е надлежен за жителите и жителките на областите Анделфинген и Винтертур. Како организација KESB Винтертур-Анделфинген и припаѓа на градската администрација Винтертур. Но како судско-слична административна управа KESB функционира независно. Се надзира од правосудната дирекција (Justizdirektion) и од дирекцијата за внатрешни на кантонот Цирих (Direktion des Innern des Kanton Zürich).

Дали имате уште прашања? Понатамошни информации за KESB можете да добиете во интернет на вебстраницата www.kesb-wa-ch.